Врз основа на чл.23 од Законот за работните односи (Пречистен текст) („Сл.весник на РМ“ бр.167/15) во в.в. со чл.18 став 1 алинеја 2 и ст.6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 06/16, 198/18 и 248/18) и чл.40, 41, 43-а, 43-б, чл.80, чл.81 и чл.95 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места 02 Су.бр.17/19 од 07.02.2019 година, Основниот кривичен суд Скопје објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2022
за вработување на судски службеници на определено време

1. **Помлад соработник – координатор за техничко одржување на судската зграда - категорија В, ниво В4**, **3-три** извршители
   **Посебни услови за вршење на работите:**
   **Стручни квалификации:**
   -стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС – Правен факултет или друг факултет
   **Работно искуство:**
   -со или без работно искуство во струката
   **Посебни работни компетенции:**
   -Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење што се докажува со приложување на доказ (диплома, сертификат, уверение) и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место

   Основна плата 22.946,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време: од 07:30 до 15:30 часот; Дневен одмор (пауза): од 11:00 до 11:30 часот, Работни денови: од понеделник до петок; Времетраење на работниот однос: определено односно до 31.12.2022 година

2. **Помлад соработник – во одделение за човечки ресурси - категорија В, ниво В4**, 1**-еден** извршител
   **Посебни услови за вршење на работите:**
   **Стручни квалификации:**
   -стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или VII/1 степен – Правен факултет или филозофски факултет-јавна администрација и социјални дејности или факултет од соодветната област
   **Работно искуство:**
   -со или без работно искуство во струката
   **Посебни работни компетенции:**
   - Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење што се докажува со приложување на доказ (диплома, сертификат, уверение) и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место

   Основна плата 22.946,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време: од 07:30 до 15:30 часот; Дневен одмор (пауза): од 11:00 до 11:30 часот, Работни денови: од понеделник до петок; Времетраење на работниот однос: определено односно до 31.12.2022 година

3. **Помлад судски соработник – аналитичар - категорија В, ниво В4**, **2-два** извршители

   **Посебни услови за вршење на работите:**

   **Стручни квалификации:**
   -стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС – Правен факултет или завршен VII/1 правен факултет
   **Работно искуство:**
   -со или без работно искуство во струката
   **Посебни работни компетенции:**
   - Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцelариско работење што се докажува со приложување на доказ (диплома, сертификат, уверение) и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место

   Основна плата 24.267,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време: од 07:30 до 15:30 часот; Дневен одмор (пауза): од 11:00 до 11:30 часот, Работни денови: од понеделник до петок; Времетраење на работниот однос: определено односно до 31.12.2022 година

4. **Помлад судски соработник - категорија В, ниво В4**, **8-осум** извршители

   **Посебни услови за вршење на работите:**

   **Стручни квалификации:**
   -стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС – Правен факултет или завршен VII/1 степен правен факултет
   **Работно искуство:**
   -со или без работно искуство во струката
   **Посебни работни компетенции:**
   - Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење што се докажува со приложување на доказ (диплома, сертификат, уверение) и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место

   Основна плата 24.267,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време: од 07:30 до 15:30 часот; Дневен одмор (пауза): од 11:00 до 11:30 часот Работни денови: од понеделник до петок; Времетраење на работниот однос: определено односно до 31.12.2022 година

5. **Помлад судски референт – извршител во писарница, категорија Г, ниво Г4**, **5-пет** извршители

   **Посебни услови за вршење на работите:**

   **Стручни квалификации:**
   -најмалку више или средно образование
   **Работно искуство:**
   -со или без работно искуство во струката
   **Посебни работни компетенции:**
   - Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење што се докажува со приложување на доказ (диплома, сертификат, уверение) и други посебни работни компетенции

утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место

Основна плата 15.878,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време: од 07:30 до 15:30 часот; Дневен одмор (пауза): од 11:00 до 11:30 часот, Работни денови: од понеделник до петок; Времетраење на работниот однос: определено односно до 31.12.2022 година

6. **Помлад судски референт –дактилограф - категорија Г, ниво Г4**, **4-четири** извршители
   **Посебни услови за вршење на работите:**
   **Стручни квалификации:**
   -најмалку више или средно образование
   **Работно искуство:**
   -со или без работно искуство во струката
   **Посебни работни компетенции**:
   - Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење што се докажува со приложување на доказ (диплома, сертификат, уверение) и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место

   Основна плата 15.878,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време: од 07:30 до 15:30 часот; Дневен одмор (пауза): од 11:00 до 11:30 часот, Работни денови: од понеделник до петок; Времетраење на работниот однос: определено до 31.12.2022 година

7. **Одржувач на хигиена**- **2-два** извршители
   **Посебни услови за вршење на работите:**
   **Стручни квалификации:**
   - средно образование или основно образование
   **Работно искуство:**
   -со или без работно искуство

Основна плата 15.251,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време: од 07:30 до 15:30 часот; Дневен одмор (пауза): од 11:00 до 11:30 часот, Работни денови: од понеделник до петок; Времетраење на работниот однос: определено до 31.12.2022 година

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот кривичен суд Скопје, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување, предвидени во чл.21 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ“ бр.43/14) и тоа:

-да е државјанин на Република Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Рокот за пријавување на кандидатите е 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Заинтересираните кандидати се должни да поднесат молба за вработување (CV и писмо за мотивација), како и докази за исполнување на општите и посебните услови, сите во оригинал или заверени на нотар.

Кандидатите се должни во молбата да наведат целосни, прецизни и точни податоци со задолжително наведување на име и презиме, адреса на живеење, контакт адреса, работното место и број на оглас за кој кандидатот се пријавува, e-mail адреса како и телефонски број за контакт.

Ненавремени и неуредни молби нема да бидат предмет на разгледување.

По истекот на рокот за пријавување, изборот на кандидатите ќе се изврши во рокот определен во чл.23 ст.2 од Законот за работните односи.

Заинтересираните кандидати пријавата односно молбата можат да ја поднесат, во писмена форма преку приемното одделение на Основниот кривичен суд Скопје или по пошта на адреса бул.Гоце Делчев б.б, Скопје, (со назнака за Јавен оглас за вработување бр.1/2022).

ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ